Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Деведесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година

Скопје, јули 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година**

Седницата започна во 21:55 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Мирјана Јанева, шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Елвис Мемети, советник за инклузија на Ромите во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Марија Филева, советник за политички процеси поврзани со Берлинскиот процес и унапредување на соработката во Југоисточна Европа во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата Мила Царовска, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов:

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 87-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јули 2021 година**
- **Усвојување на Записникот од 88-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јули 2021 година**

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија
    - Агенда Европа дома
- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година-31 декември 2021 година

1. Предлог-одлука за продажба на деловен простор сопственост на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

2. Барање на согласност за рефинансирање и затварање на тековниот Договор за заем склучен со ЕБОР на 24.9.2013 година за финансирање на „Проектот за модернизација на М-НАВ/Надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација“-без државна гаранција на износ од 11.150.000,00 евра со средства обезбедени со склучување на два нови договора: нов Договор за заем со ЕБОР во вкупен износ од 10.000.000,00 евра и нов Договор за заем со локална банка во вкупен износ од 5.000.000,00 евра-истите без државна гаранција

3. Информација во врска со потребата од поднесување на апликација за техничка помош за подготовка на Проектот за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија

4. Барање на согласност во врска со средства од блок дотации кои се пренесен вишок од минати години поднесено од Општина Ѓорче Петров-Скопје, со Одлука за префрлање средства од сметка дотации на сметка основен буџет на Општина Ѓорче Петров за 2021 година, донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров (7.019.051,00 денари за финансирање на доградба на градинка во н.м. Волково)

5. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија Е.К.О Енергетика ДООЕЛ Битола

6. Информација за постапка за давање под долготраен закуп со непосредна спогодба на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објект од јавен интерес, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Свети Николе (В4-државни институции)

8. Барање за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон (КП бр.2812/4 КО Мислешево), со Предлог-одлука

9. Барање за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон (КП бр.161/10, КП бр.162/1 и КП бр.2728/9 КО Струга), со Предлог-одлука

10. Информација за развој и одржување на електронскиот систем за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење „е-инспектор“, со Акциски план за приклучување на нови инспекторати

11. Информација за потребата од ангажирање на правен застапник за упис на сопственост на сукцесиски имот во Кралство Белгија (СТР бр.0706-2/21)

12. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 447/1 КО Струга) ДП 03-226/19

13. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или

транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Универзитетски стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“)

14. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија

15. Барање на согласност за префрлање на вишок на средства од сметката за наменска дотација на основниот буџет на Општина Долнени за 2021 година

16. Барање на согласност за префрлање на вишок на средства од сметката за наменска дотација на основниот буџет на Општина Крушево за 2021 година, со Одлука за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општина Крушево за 2021 година, донесена од Советот на Општина Крушево (1.000.000,00 денари од Н2-Средно образование во програмата Н1-Основно образование)

17. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за давање на претходна согласност за склучување на Договор за пренесување на право на градење врз градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое градежно земјиште претставува Г.П бр.2 составена од К.П бр.1214/2 КО Гази Баба, К.П бр.1222/5 КО Гази Баба, К.П бр.1223 КО Гази Баба, К.П бр.1222/4 КО Гази Баба, К.П бр.2162/4 КО Гази Баба, К.П бр.2162/5 КО Гази Баба, К.П бр.1222/2 КО Гази Баба, К.П бр.1215/3 КО Гази Баба, К.П бр.1215/7 КО Гази Баба, К.П бр.1222/3 КО Гази Баба, К.П бр.1222/1 КО Гази Баба и К.П.бр 1214/3 КО Гази Баба со намена за изградба на В4-државни институции, органи на локална самоуправа, со Предлог-одлука

18. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини (*)

20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на цени на водните услуги

21. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон

22. Информација во врска со измени и дополнувања во текстот на Меморандумот за разбирање за соработка за олеснување на увозот, извозот и движењето на стоки во Западен Балкан и Договорот за соработка за заштита и спасување од катастрофи во Западен Балкан, со текст на Меморандум и текст на Договор

23. Информација во врска со текстот на Меморандумот за разбирање за соработка во врска со слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан, со текст на Меморандум

24. Информација за Проектот за унапредување на човечки капитал во Република Северна Македонија и изработка на стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија, во соработка со Групација Светска банка

25. Информација за Оперативните насоки за мерка 27-финансиска поддршка со креирање на мечинг фонд за претприемачи Роми

26. Информација во врска со правата и обврските на договорните страни од Спогодбата за регулирање на меѓусебните односи помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје, со текст на Понуда и Договор

27. Информација за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска претставена од Н.Е. Рејчел Галовеј од Министерството за надворешни работи, Комонвелт и развој (ФЦДО), а во врска со спроведување на проектот „Воспоставување на единица за координација на инфраструктурата", со нов текст на Меморандум

28. Информација за преземените активности за формирање извршно тело за безбедност во сообраќајот на патиштата со предлог за преземање на следни чекори за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата

29. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Остра Чука" село Дебреште, Општина Долнени

30. Информација во врска со поднесеното барање за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-геотермална вода на локалитетот „Смоквица", Општина Гевгелија, со концесијата за експлоатација на минерална суровина-термоминерална вода на локалитетот „Смоквица", Општина Гевгелија на Друштвото за производство и трговија Ледра агро ДОО Гевгелија со предлог-одлука

31. Информација во врска со поднесената иницијатива за отпочнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Краста 3", с.Вруток, Општина Гостивар, со предлог-одлуки

32. Информација во врска со Барањето за пренос на удел во концесионерот Хидро еко инженеринг ДООЕЛ Скопје и статус на реализација на Договорот за концесија

за малата хидроелектрана на локацијата бр.407 Пена на концесионерот ЦММ Енерги компани ДООЕЛ Скопје, со предлог-одлуки

33. Информација во врска со одржување Годишно собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 10.8.2021 година

34. Информација со предлог-одлуки за формирање на Совети за управување со подрачјето на речен слив на река Вардар, река Црн Дрим и река Струмица

35. Извештај за извршени преговори за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство, храна и шумарство на Република Бугарија за соработка во обласна на земјоделството, земјоделските науки, руралните области и шумарството, со текст на Меморандум

36. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција на постоечки пристап (улица 2) КО Вирче, Општина Делчево, со Предлог-одлука

37. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Слупчане за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Слупчане-вон г.р., КО Слупчане, КО Оризаре, КО Ваксинце-вон г.р., Општина Липково, со Предлог-одлука

38. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на објекти со основна класа на намена Е1-комунална инфраструктура и Е2-комунална супраструктура-ветерен парк Дрен-дел 2 КО Демир Капија, КО Дрен, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука

39. Информација за спроведување на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Конечко“-Штип со кое управува концесионерот Здружение на ловци „Потполошка“ с.Петровец., со предлог-одлуки

40. Информација за текот и завршувањето на преговорите за ревидирање на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, со текст на Предлог-одлука за измена на Протоколот Б и текст на Предлог-одлука за измена на Протокол Ц

41. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Неготино

42. Предлог-одлука за еднострана раскин на Договорот за концесија на риби за организирање рекреативен риболов со бр.02-1468/1 од 12.2.2020 година на рекреативната зона „Акумулација Шпиље“

43. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина-мермер на Друштвото за производство, промет и услуги Тони Димески Мике-инженеринг увоз-извоз ДОО Прилеп на локалитетот „Дупен Камен“, с. Плетвар

44. Предлог-одлука за основање на Јавна установа за управување на Националниот парк Шар Планина

45. Предлог на закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство (*)

46. Предлог на закон за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции*

47. Предлог на закон за Академија за судии и јавни обвинители (*)

48. Предлог на закон за парничната постапка

49. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (*)

50. Предлог на закон за адвокатурата (*)

51. Информација за правосилност на одлуките на Европскиот суд за човекови права во предметите Караџовски против Северна Македонија А.бр.27840/16 и 13 други апликации и Накевска против Северна Македонија А.бр.53739/16 и 7 други апликации

52. Информација за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Атанасов против Северна Македонија А. бр. 11331/18, со Предлог-одлука

53. Информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија”

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Воспитно-поправната установа Воспитно-поправен дом Тетово (инвентар и опрема)

55. Информација за проширување и одржување на Националниот портал за е-услуги (uslugi.gov.mk)

56. Информација за исклучување на мобилна апликација StopKorona!

57. Информација за статусот за проектот „Модернизација на информациониот систем за управување со човечки ресурси „HRMIS"

58. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Антигва и Барбуда за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Антигва и Барбуда , со Нацрт-текст на Спогодба

59. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Сингапур за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Сингапур, со Нацрт-текст на Спогодба

60. Предлог-одлука за отворање на Почесен конзулат на Република Малта во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

61. Предлог-одлука за давање согласност за именување почесен конзул на Република Малта во Република Северна Македонија со седиште во Скопје

62. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1738/1 КО Ѓорче Петров 1-Ново Село-Општина Ѓорче Петров)

63. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за иновациската дејност

64. Предлог-програма за дополнување на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2021 година

65. Информација за известување по однос на Рамковната конвенција за контрола на тутун (РККТ), во врска со заклучоците од одржаната Осма конференција на земјите-договорни страни на Рамковната конвенција на Светската здравствена организација во 2018 година и националните ставови во однос на претстојната Деветта конференција која ќе се одржи од 8 до 13 ноември 2021 година

66. Информација за исполнетост на условите на Друштвото за производство трговија транспорт и услуги Медикалсуплли ДОО експорт-импорт, Гостивар за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

67. Информација за изменување на Решение за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало Фрст медикал канабис увоз-извоз ДООЕЛ Битола, со Предлог-одлука

68. Информација за изменување на Решение за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Синцеритас ДОО Скопје, со Предлог-одлука

69. Предлог-одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатните објекти извори „Лукар 1“, „Лукар 2“, „Косматец“ и зафат на водотек „Стара река“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ

70. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица

71. Информација за изменување на Одлуката за формирање на Совет за следење на состојбите во пензискиот систем, со Предлог-одлука

72. Информација за давање одобрение за проширување на дејноста на Општинската јавна установа за социјална заштита на стари лица „д-р Иван Влашки“-Берово, со Предлог-одлука

73. Информација за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем, со Предлог-решение

74. Информација за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за билатерална соработка во областа на социјалното осигурување, со Предлог–решение

75. Информација за спроведување на препораките од Конечениот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година во Државен студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје, со Акциски план за препораките за чија реализација е потребна соработка на надлежното министерство, односно Министерството за образование и наука и одговорното лице на Државниот студентски дом

76. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“-Скопје (плата)

77. Предлог-програма за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година

78. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година

79. Предлог на закон за продажба на станови во државна сопственост доделени на користење на вработени во Министерството за внатрешни работи и безбедносно разузнавачки служби, поднесен од група пратеници

80. Барање за давање на автентично толкување на член 135 став 1 и став 2 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015 6/2016, 198/2018 и 248/2018), поднесено од пратеникот Снежана Калеска-Ванчева

81. Иницијатива за поведување на постапка за оценување на законитоста на Одлуката за ослободување од плаќање на патарина за граѓаните на Република Србија од 15.6.2021 година до 15.8.2021 година, поднесена од политичката партија Алијанса на Албанците од Тетово

82. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.68/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.185/2011)

83. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.67/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.185/2011)

84. Понуда од нотар Армир Садики од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.524 за КО Желино на КП бр.1235/2

85. Понуда од нотар Стевица Јанева од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1291 за КО Костурино на КП бр.3788 викано место/улица Село

86. Понуда од нотар Руждија Абдулаи од Дебар за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 100749, за КО Дебар 2, на КП бр. 8035/1, викано место/улица Град

87. Барање од нотар Васко Паскали од Охрид, за потврдување/солемнизација на Договор за залог на недвижен имот со Имотен лист бр. 90701, за КО Охрид 4, на КП бр. 5985, Викано место/улица Горица, со кој треба да се обезбеди побарување на заложниот доверител Комерцијална банка АД Скопје, односно недвижниот имот да се заложи во корист на Комерцијална банка АД Скопје

88. Понуда од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 41863 за КО Прилеп на КП бр.23696 викано место/улица Осоговска и Имотен лист бр. 41722 за КО Прилеп на КП бр.23694 викано место/улица Осоговска

89. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3423, за КО Глуво Бразда, на КП бр. 3296, викано место/улица Под Церово

90. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6182 за КО Радовиш на КП бр. 442, викано место/улица Плачковица

91. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.29317 за КО Синѓелиќ 2 на КП бр.114/1 за викано место/улица Синѓелиќ, со дополнување

92. Понуда од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.66486 за КО Волково на КП бр. 788/1 на викано место/улица 95

93. Понуда од нотар Маја Колева од Кратово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4667 за КО Кратово на КП бр. 1073 дел 0, со дополнување

94. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1705 за КО Бардовци на КП бр. 675 за викано место/улица Бозелки

95. Кадровски прашања

96. Прашања и предлози

97. Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршената ИТ ревизија како ревизија на успешност на тема „Ефективноста и ефикасноста на мерките и активностите што ги презело Министерството за информатичко општество и администрација за целосна имплементација на информацискиот систем за управување со човечки ресурси во институциите од јавниот сектор"

98. Акциски план по дадени препораки од Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеноста за 2019 година на Јавното претпријатие за комунални дејности „Плаваја"-Радовиш

99. Известување за преземените активности по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај за 2019 година за сметките 637 и 787 и новиот текст на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста во Бирото за развој на образованието за 2019 година

100. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ-Скопје, за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година

101. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ-Скопје, за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година

102. Информација за напредокот на дигитализацијата на Системот за управување со кризи преку имплементацијата на NICS-Next-Generation Incident Command

System-NATO SPS Project (Следна генерација на Систем за управување со инциденти) во Република Северна Македонија, за период од 17 декември 2020 година до 17 јуни 2021 година)

103. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во период од 1 април до 30 јуни 2021 година

104. Информација за поставување на Агенда за дигитална трансформација

105. Извештај за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година (период јануари-јуни)

106. Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (*)

107. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка

108. Барање за давање автентично толкување на член 21, став (1), точка (4) од Законот за данок на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр.112/2014, 129/2015, 23/2016, 190/2016 и 248/2018), поднесено од Владата на Република Северна Македонија

109. Предлог-уредба за дополнување на Уредбата за методологија за утврдување на вредноста на станот, како и методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена

110. Информација за изготвување на проценка/анализа на влијанието на заштитата на личните податоци во однос на обработката на личните податоци на субјектите на лични податоци преку видео и аудио запис при преземање на службени дејствија од страна на царинските службеници согласно Законот за Царинската управа и даночните инспектори и даночните контролори согласно Законот за Управата за јавни приходи

111. Информација за формирање на Работна група за координација на активностите од областа на информатичко-комуникациските технологии заради дигитализација на процесите, со Предлог-решение

112. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност

113. Информација со Акциски план за проектот „Бесплатна вакцинација против грип за сезона 2021/2022 година за ризични групи“

114. Информација за измена и дополна на Одлуката за доделување средства по спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на естрадни уметници, со Предлог-одлука

115. Информација за проблемите при спроведување на Законот за употреба на јазиците при изменување и дополнување на Правилникот за униформата и видот на оружје што го носат припадниците на шумската полиција

116. Информација за настаната штета поради престанување на договор закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост склучен помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ДПТУ Зик Брегалница ул. Илинденска бб Виница

117. Информација за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија

118. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.6.2021 година

119. Барање на Батухан Оздемир за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

120. Барање на Ебру Оздемир Кишлали за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

121. Барање на Нихат Оздемир, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

122. Информација за потребата од обезбедување на дополнителни средства за Национална установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“-Скопје за реализација на вториот дел проектот „Превод на дела со историска содржина на македонски јазик-Едиција Про Македонија

123. Информација за потребата од преземање активности во врска со дигитализацијата на картотеките при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“-Скопје.

124. Информација во врска со постапката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-варовник на рудник Демир Хисар АД Сопотница на локалитетот „Топлица“ с.Сопотница, Општина Демир Хисар, со Предлог-одлука

125. Информација за номинација на лице за потребите за реализација на софтверското решение за унифицирање на веб страниците на Владата на Република Северна Македонија и министерствата

*
*   *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 87-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јули 2021 година и од 88-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јули 2021 година.

*
*   *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

    - **Агенда Европа дома**

Владата го разгледа материјалот Агенда Европа дома (статус 27.7.2021 година), како материјал за информирање.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година-31 декември 2021 година**

Владата по Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период од 1.7.2021 до 31.12.2021 година го задолжи Секретаријатот за европски прашања да оствари директен контакт со институциите-предлагачи во насока на коригирање, односно пополнување на ЕПП броевите и други детали кои се поврзани со вкрстената анализа меѓу Законодавната агенда и Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија.

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на деловен простор сопственост на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во предложениот текст.

## Точка 2

Владата го разгледа и го усвои Барањето на согласност за рефинансирање и затварање на тековниот Договор за заем склучен со ЕБОР на 24.9.2013 година за финансирање на „Проектот за модернизација на М-НАВ/Надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација"-без државна гаранција на износ од 11.150.000,00 евра со средства обезбедени со склучување на два нови договора: нов Договор за заем со ЕБОР во вкупен износ од 10.000.000,00 евра и нов Договор за заем со локална банка во вкупен износ од 5.000.000,00 евра-истите без државна гаранција.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од поднесување на апликација за техничка помош за подготовка на Проектот за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања и Националниот ИПА координатор (НИПАК), Проектот за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија да го додадат на Листата на приоритетни проекти.

2. Се укажува на НЕР АД-Скопје во рок од пет дена да поднесе барање до Европската банка за обнова и развој со цел оваа банка да биде водечка финансиска институција за поддршка на апликацијата.

3. Се укажува на НЕР АД-Скопје по добивање на позитивен одговор од Европската банка за обнова и развој, да ја изработи WBIF апликацијата и да ја достави на мислење до Министерството за финансии и Министерството за економија, со цел Секретаријатот за европски прашања навремено да ја достави апликацијата до WBIF.

## Точка 4

Владата го разгледа Барањето на согласност во врска со средства од блок дотации кои се пренесен вишок од минати години поднесено од Општина Ѓорче Петров-Скопје, со Одлука за префрлање средства од сметка дотации на сметка основен буџет на Општина Ѓорче Петров за 2021 година, донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров (7.019.051,00 денари за финансирање на доградба на градинка во н.м. Волково) и даде согласност на истото.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежноземјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство на електрична енергија Е.К.О Енергетика ДООЕЛ Битола, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за постапка за давање под долготраен закуп со непосредна спогодба на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објект од јавен интерес, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Био ентерпрајс ДОО Охрид, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Свети Николе (В4-државни институции), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа Барањето за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон (КП бр.2812/4 КО Мислешево), со Предлог-одлука и по Барањето го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата по Барањето за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон (КП бр.161/10, КП бр.162/1 и КП бр.2728/9 КО Струга) го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија-Акционерското друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за развој и одржување на електронскиот систем за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење- „е-инспектор“, со Акциски план за приклучување на нови инспекторати и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати, односно за развој и одржување на електронскиот систем за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење-„Е-инспектор“.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии-Управа за јавни приходи и Министерството за финансии-Царинска управа, најдоцна до 31 јули 2021 година, да ги спроведат задолженијата од заклучоците бр. 1 и 2 од Точка 59,усвоени на 67-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 април 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните финансиски средства во буџетот на Инспекцискиот совет за реализација на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати и соодветно да ги планира и обезбеди потребните финансиски средства во буџетите за 2022-2024 година.

4. Се задолжува Инспекцискиот совет, до Владата на Република Северна Македонија, да доставува редовни шестмесечни извештаи за спроведувањето на Акцискиот план за приклучување на нови инспекторати.

## Точка 11

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од ангажирање на правен застапник за упис на сопственост на сукцесиски имот во Кралство Белгија (СТР бр.0706-2/21) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку Амбасадата на Република Македонија во Брисел да склучи Договор за правен ангажман со адвокатот Тристан Крстиќ.

2. Се задолжува Државниот правобранител на Република Северна Македонија да издаде писмено овластување (полномошно) за адвокат Тристан Крстиќ со кое ќе се овласти во име и за сметка на Република Северна Македонија да ги преземе сите потребни дејствија пред надлежните државни органи во Кралството Белгија за пренос на сопственоста врз недвижен имот-поранешна зграда на Амбасадата на СФРЈ во Кралство Белгија, која се наоѓа на адреса 11, Авенија Емиле Де Мот, Брисел (11 Avenue Emile De Mot, Bruxelles) на Република Северна Македонија и Република Хрватска во со сопственички делови во сооднос 45%-55% како утврдени со резолуција на Заеднички одбор од 2-3 јули 2019.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги покрие трошоците за ангажирањето на правниот застапник и да ги преземе потребните активности преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Брисел за завршување на

постапката за катастарско запишување на имотот на име на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи, најдоцна до 30.9.2021 година повратно да ја информира Владата за исходот од постапката за запишување на имотот на Република Северна Македонија во Брисел.

<u>Точка 12</u>

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 447/1 КО Струга) ДП 03-226/19, во предложениот текст.

<u>Точка 13</u>

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

<u>Точка 14</u>

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, во предложениот текст.

<u>Точка 15</u>

Владата го разгледа Барањето на согласност за префрлање на вишок на средства од сметката за Наменска дотација на основниот буџет на Општина Долнени за 2021 година и даде согласност за користење на вишокот на средства од блок дотации за средно образование во износ од 7.000.000 денари за унапредување на образовниот процес во основното образование во Општина Долнени.

<u>Точка 16</u>

Владата го разгледа Барањето на согласност за префрлање на вишок на средства од сметката за наменска дотација на основниот буџет на Општина Крушево за 2021 година, со Одлука за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општина Крушево за 2021 година, донесена од Советот на Општина Крушево (1.000.000,00 денари од Н2-Средно образование во програмата Н1-Основно образование) и даде согласност по истото.

<u>Точка 17</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од донесување на одлука за давање на претходна согласност за склучување на Договор за пренесување на право на градење врз градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое градежно земјиште претставува Г.П бр.2 составена од К.П бр.1214/2 КО Гази Баба, К.П бр.1222/5 КО Гази Баба, К.П бр.1223 КО Гази Баба, К.П бр.1222/4 КО Гази Баба, К.П бр.2162/4 КО Гази Баба, К.П бр.2162/5 КО Гази Баба, К.П бр.1222/2 КО Гази Баба, К.П бр.1215/3 КО Гази Баба, К.П бр.1215/7 КО Гази Баба, К.П бр.1222/3 КО Гази Баба, К.П бр.1222/1 КО Гази Баба и К.П.бр 1214/3 КО Гази Баба со намена за изградба на В4-државни институции, органи на локална самоуправа, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за склучување договор за пренесување на право на градење со заклучок текстот на истата номотехнички и формално правно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, Министерството за транспорт и врски да достави позитивно мислење по материјалот.

## Точка 18

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz.

## Точка 19

Владата го разгледа најновиот текст-23.7.2021 година на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини (*), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Флорент Чиче, државен советник во Министерството за економија и Јетон Кучи, раководител на сектор во Министерството за економија.

## Точка 20

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на цени на водните услуги, со заклучок истиот да се разгледа на седница на Влада по донесувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, којштo е во собраниска постапка.

Претходно материјалот да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика и Комисија за политички систем.

## Точка 21

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со измени и дополнувања во текстот на Меморандумот за разбирање за соработка за олеснување на увозот, извозот и движењето на стоки во Западен Балкан и Договорот за соработка за заштита и спасување од катастрофи во Западен Балкан, со текст на Меморандум и текст на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ги прифати измените и дополнувањата во текстот на Меморандумот за разбирање за соработка за олеснување на увозот, извозот и движењето на стоки во Западен Балкан и Договорот за соработка за заштита и спасување од катастрофи во Западен Балкан.

2. Текстот на Информацијата да се дополни во насока дека претседателот на Владата на Република Северна Македонија ќе го потпише Меморандумот за разбирање за соработка за олеснување на увозот, извозот и движењето на стоки во Западен Балкан и Договорот за соработка за заштита и спасување од катастрофи во Западен Балкан.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информација во врска со текстот на Меморандумот за разбирање за соработка во врска со слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан, со текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за соработка во врска со слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан.

2. Текстот на Информацијата да се дополни во насока дека претседателот на Владата на Република Северна Македонија ќе го потпише Меморандумот за разбирање за соработка во врска со слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за Проектот за унапредување на човечки капитал во Република Северна Македонија и изработка на стратегија за

унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија, во соработка со Групација Светска банка и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и Министерството за здравство преку своите номинирани претставници, заедно со координаторите од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и консултантите и тимот од Светска банка веднаш да започнат со изготвување на Предлог-стратегија/документ за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија.

2. Се задолжува работната група околу содржината на Предлог-стратегијата за унапредување на човечки капитал во Република Северна Македонија повторно да ја информира Владата, до крајот на октомври 2021 година.

## Точка 25

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за Оперативните насоки за мерка 27-финансиска поддршка со креирање на мечинг фонд за претприемачи Роми и ја усвои Инфорамцијата, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ја информираат Владата за реализираните активности од Информацијата за Оперативните насоки за мерка 27–финансиска поддршка со креирање на мечинг фонд за претприемачи Роми, до 30 септември 2021 година.

2. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да ги реализира наведените активности од Информацијата за Оперативните насоки за мерка 27–финансиска поддршка со креирање на мечинг фонд за претприемачи Роми, најдоцна до 30 септември 2021 година.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со правата и обврските на договорните страни од Спогодбата за регулирање на меѓусебните односи помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје, со текст на Понуда и Договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја прифати Понудата на Макпетрол АД Скопје за откуп на акцијата во АД Гама по цена од 32.773.905 евра.

2. Се овластува претседателот на Владата на Република Северна Македонија да го извести Макпетрол АД Скопје за прифаќањето на Понудата.

3. Го утврди текстот на Договорот за купопродажба на акции.

4. Се овластува претседателот на Владата на Република Северна Македонија да го склучи договорот за купопродажба на акции со Макпетрол АД Скопје.

5. Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост по налог на Владата во рок од три дена од денот на потпишувањето на Договорот за купопродажба на акции, а по налог на Владата на Република Северна Македонија ќе ја исплати утврдената цена за акцијата во износ од 32.773.905 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија утврден на денот на плаќањето на Макпетрол АД Скопје како сопственик на акцијата во АД ГА-МА по налог на Владата на Република Северна Македонија.

6. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија доколку при пренос на средствата од Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост на Макпетрол АД Скопје се појави курсна разлика при преносот на средствата во висина од 32.773.905 ЕУР, разликата од средствата одобрени согласно Одлуката бр. 45-10225/1 од 18 декември 2019 година да ја плати во име на Владата на Република Северна Македонија.

7. Се препорачува на ГА-МА АД Скопје да ја впише промената во Централниот депозитар за хартии од вредност во законскиот рок предвиден за тоа, откако ќе се исполнат условите за упис на промената.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска претставена од Н.Е. Рејчел Галовеј од Министерството за надворешни работи, Комонвелт и развој (ФЦДО), а во врска со спроведување на проектот „Воспоставување на единица за координација на инфраструктурата“, со нов текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (Владата) претставена од Н.Е. Рејчел Галовеј од Министерството за надворешни работи, Комонвелт и развој (ФЦДО) а во врска со спроведување на проектот „Воспоставување на единица за координација на инфраструктурни проекти“.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, во рок од седум дена да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска претставена од Н.Е. Рејчел Галовеј од Министерството за надворешни работи,

Комонвелт и развој (ФЦДО), а во врска со спроведување на проектот „Воспоставување на единица за координација на инфраструктурни проекти“.

## Точка 28

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преземените активности за формирање извршно тело за безбедност во сообраќајот на патиштата со предлог за преземање на следни чекори за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и ја усвои Информацијата со следниве нови заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да подготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата врз основа на предлозите од Извештајот бр.3 од проектот Техничка помош за формирање извршно тело за безбедност на сообраќајот на патиштата и истиот во рок од два месеци да го достави до Владата.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, врз основа на предлозите од Извештајот бр.3 од проектот Техничка помош за формирање извршно тело за безбедност на сообраќајот на патиштата и истиот во рок од два месеци да го достави до Владата.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, врз основа на предлозите од Извештајот бр.3 од проектот Техничка помош за формирање извршно тело за безбедност на сообраќајот на патиштата и истиот во рок од два месеци да го достави до Владата.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, врз основа на предлозите од Извештајот бр.3 од проектот Техничка помош за формирање извршно тело за безбедност на сообраќајот на патиштата и истиот во рок од два месеци да го достави до Владата.

5. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Бирото за метрологија да подготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за возила, врз основа на предлозите од Извештајот бр.3 од проектот Техничка помош за формирање извршно тело за безбедност на сообраќајот на патиштата и истиот во рок од два месеци да го достави до Владата.

6. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта во рок од три месеци да го измени Прирачникот за ревизија на безбедноста на патиштата на ова јавно претпријатие врз основа на предлозите од Извештајот бр.3 од проектот Техничка помош за формирање извршно тело за безбедност на сообраќајот на патиштата.

7. Се задолжува Работната група за формирање на извршно тело кое ќе има за одговорност подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата, формирана во рамките на Министерството за транспорт и врски, да подготви предлог на закон за основање на Агенција за безбедност на сообраќајот на патиштата, врз основа на предлозите од Извештаите бр.1, 3 и 5 од проектот Техничка помош за формирање извршно тело за безбедност на сообраќајот на патиштата и истиот во рок од два месеци да го достави до Министерството за транспорт и врски.

8. Се задолжува Министерството за транспорт и врски доставениот Предлог на закон за основање на Агенција за безбедност на сообраќајот на патиштата од страна на Работната група за формирање на извршно тело кое ќе има за одговорност подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата, да го достави до Владата во рок од десет работни дена од доставувањето на истиот од страна на Работната група.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Остра Чука“ село Дебреште, Општина Долнени (нов текст), ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Остра Чука“ село Дебреште, Општина Долнени.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст Информацијата во врска со поднесеното барање за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-геотермална вода на локалитетот „Смоквица“, Општина Гевгелија, со концесијата за експлоатација на минерална суровина-термоминерална вода на локалитетот „Смоквица“, Општина Гевгелија на Друштвото за производство и трговија Ледра агро ДОО Гевгелија со предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-геотермална вода на локалитетот „Смоквица“, Општина Гевгелија, со концесијата за експлоатација на минерална суровина-термоминерална вода на локалитетот „Смоквица“, Општина Гевгелија на Друштвото за производство и трговија Ледра агро ДОО Гевгелија.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за отпочнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот„Краста 3“,

с.Вруток, Општина Гостивар, со предлог-одлуки, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапка за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за пренос на удел во концесионерот Хидро еко инженеринг ДООЕЛ Скопје и статус на реализација на Договорот за концесија за малата хидроелектрана на локацијата бр.407 Пена на концесионерот ЦММ Енерги компани ДООЕЛ Скопје, со предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Условно ги донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот од Друштвото Хидро еко инженеринг ДООЕЛ Скопје на Друштвото Феро инвест ДОО Скопје во концесионерот Хидро екоинженеринг ДООЕЛ Скопје и Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот од Друштвото Хидро еко инженеринг ДООЕЛ Скопје на Тоше Стојановски од Кочани во концесионерот Хидро еко инженеринг ДООЕЛ Скопје со заклучок предлагачот да ги усогласи текстовите на одлуките со Секретаријатот за законодавство и да се обезбедат позитивни мислења од Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерги компани ДООЕЛ дека за локацијата бр.407 р.Пена согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 5.10.2021 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

3. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ЦММ Енерги компани ДООЕЛ да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.407 р.Пена ќе се продолжи најмалку до 5.11.2021 година.

## Точка 33

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со одржување Годишно собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 10.8.2021 година, за седницата, што ќе се одржи на 30.7.2021 година, поради потребата од дополнителни консултации со Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата со предлог-одлуки за формирање на совети за управување со подрачјето на речен слив на река Вардар, река Црн Дрим и река Струмица, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за формирање на Советот за управување со подрачјето на река Струмица (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за формирање на Советот за управување со подрачјето на река Вардар (нов текст), во предложениот текст.

3. Одлуката за формирање на Советот за управување со подрачјето на река Црн Дрим (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 35

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство, храна и шумарство на Република Бугарија за соработка во областа на земјоделството, земјоделските науки, руралните области и шумарството, со текст на Меморандум (нов текст), го прифати Извештајот и ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство, храна и шумарство на Република Бугарија за соработка во областа на земјоделството, земјоделските науки, руралните области и шумарството.

2. Се овластува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Арјанит Хоџа да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство, храна и шумарство на Република Бугарија за соработка во областа на земјоделството, земјоделските науки, руралните области и шумарството.

Исто така, да се има предвид укажувањето на Министерството за финансии потребните средства за реализација на активностите од Меморандумот да се обезбедат во рамки на Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 36

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција на постоечки пристап (улица 2) КО Вирче, Општина Делчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција на постоечки пристап (улица 2) КО Вирче, Општина Делчево, во предложениот текст.

**<u>Точка 37</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Слупчане за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Слупчане-вон г.р., КО Слупчане, КО Оризаре, КО Ваксинце-вон г.р., Општина Липково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Слупчане за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Слупчане-вон г.р., КО Слупчане, КО Оризаре, КО Ваксинце-вон г.р., Општина Липково, во предложениот текст.

**<u>Точка 38</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на објекти со основна класа на намена Е1-комунална инфраструктура и Е2-комунална супраструктура-ветерен парк Дрен-дел 2 КО Демир Капија, КО Дрен, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на објекти со основна класа на намена Е1-комунална инфраструктура и Е2-комунална структура-ветерен парк Дрен-дел 2 КО Демир Капија, КО Дрен, Општина Демир Капија, во предложениот текст.

**<u>Точка 39</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведување на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Конечко"-Штип со кое управува концесионерот Здружение на ловци „Потполошка" с.Петровец., со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

- Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.2 „Конечко" во ловен реон Штип и

- Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.2 „Конечко“ во ловен реон Штип, во предложените текстови.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и завршувањето на преговорите за ревидирање на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, со текст на Предлог-одлука за измена на Протоколот Б и текст на Предлог-одлука за измена на Протокол Ц и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на предметните одлуки за измена на Протоколот Б и Протоколот Ц.

2. Се овластува Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ги потпише Одлуката за измена на Протоколот Б и Одлуката за измена на Протоколот Ц од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Неготино, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија на риби за организирање рекреативен риболов со бр.02-1468/1 од 12.2.2020 година на рекреативната зона „Акумулација Шпилје“ (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина-мермер на Друштвото за производство, промет и услуги Тони Димески Мике-инженеринг увоз-извоз ДОО Прилеп на локалитетот „Дупен Камен“, с. Плетвар , во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата условно ја донесе Одлуката за основање на Јавна установа за управување на Националниот парк Шар Планина со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 45**

Владата го разгледа Предлогот на закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство (*), го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 46

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции* и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за правда да изврши усогласување на текстот на Предлогот на закон и Изјавата за усогласеност со европското законодавство со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции* да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереник м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда.

## Точка 47

Владата го разгледа Предлогот на закон за Академија за судии и јавни обвинители (*) и го утврди со следните заклучоци:

1.Министерството за правда да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2.Пречистениот текст на Предлогот на закон за Академија за судии и јавни обвинители (*), согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието,.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 48**

Владата го разгледа Предлогот на закон за парничната постапка го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Радица Лазареска-Геровска, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 49**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за правда да изврши усогласување на текстот на Предлогот на закон, кореcподентните табели и Изјавата за усогласеност со европското законодавство со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (*) да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 50**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за адвокатурата (*) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за правда да изврши усогласување на текстот на Предлогот на закон, кореcподентните табели и Изјавата за усогласеност со европското законодавството со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за адвокатурата (*) да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуките на Европскиот суд за човекови права во предметите Караџовски против Северна Македонија А.бр.27840/16 и 13 други апликации и Накевска против Северна Македонија А.бр.53739/16 и 7 други апликации, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во вкупен износ од 19.300 евра, во денарска противвредност, кои треба да бидат исплатени најдоцна до 1 септември 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Атанасов против Северна Македонија А. бр. 11331/18 со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, во предложениот текст, (во износ од 12.550 евра, во денарска противвредност, кои треба да бидат исплатени по Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Атанасов против Северна Македоннија А.бр. 11331/18, најдоцна до 1 септември 2021 година).

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија“, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда-Управата за извршување на санкции во октомври 2021 година до Владата да достави информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија“.

## Точка 54

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Воспитно-поправната установа Воспитно-поправен дом Тетово (инвентар и опрема), во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за проширување и одржување на Националниот портал за е-услуги (uslugi.gov.mk) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2021, 2022, 2023 и 2024 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за набавка на одржувањето на Националниот портал за е-услуги (uslugi.gov.mk) во вкупна вредност од 59.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 10.000.000,00 денари во 2021 година
- 20.000.000,00 денари во 2022 година
- 20.000.000,00 денари во 2023 година
- 9.000.000,00 денари во 2024 година

Потребните средства за реализација на набавката во 2021 година се обезбедени во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во рамките на Раздел 17001 Министерството за информатичко општество и администрација, програма Н, потпрограма НА.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за исклучување на мобилна апликација StopKorona! и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува министерот за здравство, во рок од 30 дена, да донесе решение за формирање на работна група, која во име на Министерството за здравство ќе изврши активности за преземање на виртуелните машини заедно со целокупната база на податоци и ќе изврши проверка дали сите податоци се трајно избришани од серверите на Министерството за информатичко општество и администрација.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 30 дена, да ја повлече мобилната апликација StopKorona!, да предаде копија од виртуелните машини заедно со целокупната база на податоци на

Министерството за здравство, како и да ги исклучи виртуелните машини и трајно да ги избрише сите податоци создадени при функционирањето на апликацијата.

## Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за статусот за проектот „Модернизација на информациониот систем за управување со човечки ресурси „HRMIS“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го одобри Временскиот (акциски) план за имплементација на фаза 1 од проектот ХРМИС (арх.бр.19-419/74 од 21.7.2021) и даде одобрение на министерот за информатичко општество и администрација за потпишување на доставениот Предлог-Анекс бр.3 (во прилог на информацијата) со кој се одобрува продолжување на рокот за имплементација на фаза 1 согласно наведениот временски план.

2. Даде одобрение за промена на динамиката за плаќање утврдена со Заклучок под архивски бр. 44-7038/1 од 17 јули 2018 година, донесен на Осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 17 јули 2018 година, со нова динамика со следниве износи:
- 7.316.341,00 без ДДВ, веќе исплатени средства во 2019 година
- 24.235.372,00 без ДДВ за 2022 година,
- 12.193.900,00 без ДДВ за 2023 година и
- 6.254.387,00 без ДДВ за 2024 година.

3. Се задолжува Министерството за информатичко и општество и администрација имајќи го предвид усно искажаното позитивно мислење на Министерството за финансии да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, во Раздел 17001 Министерството за информатичко општество и администрација, програма Н, потпрограма НА, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 58

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Антигва и Барбуда за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Антигва и Барбуда , со Нацрт-текст на Спогодба и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Антигва и Барбуда за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Антигва и Барбуда.

2. Го прифати новиот текст на Нацрт-текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Антигва и Барбуда за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Антигва и Барбуда , како основа за водење на преговорите.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 30 дена да го достави Нацрт-текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Антигва и Барбуда за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Антигва и Барбуда, до Владата на Антигва и Барбуда.

4. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Антигва и Барбуда за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Антигва и Барбуда.

5. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Антигва и Барбуда за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Антигва и Барбуда, доколку се постигне согласност на преговорите, согласно утврдените насоки.

6. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена на Владата да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Антигва и Барбуда за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Антигва и Барбуда.

<u>Точка 59</u>

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Сингапур за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Сингапур, со Нацрт-текст на Спогодба (најнов текст), го усвои Предлогот и ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Сингапур за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Сингапур, како основа за водење на преговорите, со заклучок да се имаат предвид укажувањата во мислењето на Министерството за внатрешни работи.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 30 дена да го достави Нацрт-текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Сингапур за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Сингапур, до Владата на Република Сингапур.

3. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Сингапур за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Сингапур.

4. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Сингапур за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Сингапур, доколку се постигне согласност на преговорите, согласно утврдените насоки.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори, во рок од 30 дена на Владата да и поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Сингапур за условите за заемни патувања на државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Сингапур.

<u>Точка 60</u>

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Малта во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје, во предложениот текст.

<u>Точка 61</u>

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Република Малта во Република Северна Македонија со седиште во Скопје, во предложениот текст.

<u>Точка 62</u>

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1738/1 КО Ѓорче Петров 1-Ново Село-Општина Ѓорче Петров), во предложениот текст.

## Точка 63

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за иновациската дејност, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Сељатин Бељули, државен секретар во Министерството за образование и наука и Маја Бичиклиска, државен советник во Министерството за образование и наука.

## Точка 64

Владата го донесе новиот текст на Програмата за дополнување на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за известување по однос на Рамковната конвенција за контрола на тутун (РККТ), во врска со заклучоците од одржаната Осма конференција на земјите-договорни страни на Рамковната конвенција на Светската здравствена организација во 2018 година и националните ставови во однос на претстојната Деветта конференција која ќе се одржи од 8 до 13 ноември 2021 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги назначи Татјана Васиќ-Бозаџиева, претставник од Министерството за здравство, Александар Мусалевски, претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Бурим Билали, претставник на Министерството за надворешни работи за членови на Работната група кои ќе бидат задолжени за следење на целокупниот процес поврзан со организацијата на претстојната Деветта конференција на Рамковната конвенција за контрола на тутун (РККТ).
2. Ги назначи Татјана Васиќ-Бозаџиева, претставник од Министерството за здравство, Александар Мусалевски, претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Бурим Билали, претставник на Министерството за надворешни работи за членови на Делегацијата која ќе учествува на Деветтата конференција на земјите потписнички на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација (РККТ), која ќе се одржи од 8 до 13 ноември 2021 година или со физичко присуство во Хаг, Кралство Холандија или виртуелно, во зависност од одлуката на Секретаријатот на РККТ.

3. Ги назначи Бети Јачева, амбасадорот на Република Северна Македонија во Хаг, Кралство Холандија и Катерина Штерјоска, советник во Амбасадата на Република Северна Македонија во Хаг, Кралство Холандија, за членови на Делегацијата која ќе учествува на Деветтата конференција на земјите потписнички на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација, доколку истата се одржи како хибридна конференција, односно истовремено виртуелно и со физичко присуство.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи по дипломатски канали да ја акредитира Делегацијата на Република Северна Македонија на Деветтата конференција на земјите потписнички на РККТ на Светската здравствена организација, кој ќе се одржи од 8 до 13 ноември 2021 година.

5. Се задолжува Министерството за здравство да го извести Секретаријатот на РККТ за формирањето на Делегацијата која ќе ги застапува позициите на Република Северна Македонија во рок од три дена.

6. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку Постојаната мисија во Женева активно да ја следи работата на Секретаријатот на РККТ и редовно, најдоцна до 15 секој месец до одржување на Деветтата конференција на земјите потписнички на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација да ги информира засегнатите институции во државата (Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство и Министерството за надворешни работи).

7. Се задолжува Делегацијата на Деветтата конференција на земјите потписнички на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација:

-активно да ја следи и да учествува во работата и дискусиите, особено во однос на предлози поврзани со членовите 5.3, 6, 9, 10, 17, 18 и 19 од РККТ, како и прашањата за изземање на тутунот и тутунските производи од меѓународните трговски договори и

-да ги изнесе националните позиции за определените членови од РККТ во согласност со позициите наведени во оваа информација.

8. Се задолжува Делегацијата во рок од 30 дена по завршувањето на Деветтата конференцијата да поднесе извештај до Владата на Република Северна Македонија за текот на Конференцијата и важните прашања по заземениот став од државата.

<u>**Точка 66**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштвото за производство трговија транспорт и услуги Медикалсуплли ДОО експорт-импорт, Гостивар за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со

Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство трговија транспорт и услуги Медикалсуппли ДОО експорт-импорт, Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за изменување на Решение за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало Фрст медикал канабис увоз-извоз ДООЕЛ-Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало Фрст медикал канабис увоз-извоз ДООЕЛ-Битола, во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изменување на Решение за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Синцеритас ДОО Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Синцеритас ДОО Скопје, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатните објекти извори „Лукар 1“, „Лукар 2“, „Косматец“ и зафат на водотек „Стара река“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го допрецизира образложението на Одлуката согласно расправата на седницата.

**Точка 70**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за формирање на Совет за следење на состојбите во пензискиот систем, со најнов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката

за формирање на Совет за следење на состојбите во пензискиот систем, во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање одобрение за проширување на дејноста на Општинската јавна установа за социјална заштита на стари лица „д-р Иван Влашки"-Берово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање одобрение за проширување на дејноста на Општинската јавна установа за социјална заштита на стари лица „д-р Иван Влашки"-Берово, во предложениот текст.

Истовремено, да го има предвид укажувањето на Секретаријатот за законодавство-во смисла по влегување во сила на предметната одлука да се пристапи кон соодветно дополнување на Статутот на јавната установа, на кој согласно член 182 став 5 од Законот за социјалната заштита согласност дава основачот, по претходно добиено мислење од Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем, со Предлог-решение ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем, во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за билатерална соработка во областа на социјалното осигурување, со Предлог–решение, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Решението за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за билатерална соработка во областа на социјалното осигурување, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на препораките од Конечениот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година во Државен студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ"-Скопје, со Акциски план за препораките за чија реализација е потребна соработка на надлежното министерство, односно Министерството за образование и наука и одговорното лице на Државниот студентски дом и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да го имплементира акцискиот план за спроведување на препораките од Конечениот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и

ревизија на усогласеност за 2019 година во Државен студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје за препораките за чија реализација е потребна соработка на надлежното министерство, односно Министерството за образование и наука и одговорното лице на Државниот студентски дом.

2. Се задолжува Државен студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје да изготви акциски план со дефинирани активности, рокови и носители за имплементирање на дадените препораки од Конечениот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година во Државен студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје. за кои е надлежно одговорното лице од Државен студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје.

## Точка 76

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 77

Владата ја разгледа Предлог-програмата за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година и ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година со заклучок точката бр.2 од Програмата да се измени и да гласи: „Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## Точка 78

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година и ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година со заклучок точката бр.2 од Одлуката да се измени и да гласи: „Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија““.

## Точка 79

Владата го разгледа Предлогот на закон за продажба на станови во државна сопственост доделени на користење на вработени во Министерството за внатрешни работи и безбедносно разузнавачки служби, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Во членот 5 став 2 од Предлогот на закон, наместо тројца членови од Министерството за транспорт и врски да се предвидат двајца членови од Министерството за транспорт и врски, додека пак еден член да биде од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Во членот 5 став 4 од Предлогот на закон по зборовите „Кон барањето од ставот 1 на овој член, корисникот приложува:“ да се додаде нова алинеја со следната содржина „-уверение за државјанство“.

Во членот 5 од Предлогот на закон да се вметне нов став 5 кој ќе ги предвиди документите кои треба да ги приложи лицето од член 3 став 2, односно во ситуации кога како барател се јавува лице-брачен другар или лица од потесното семејство кои живееле во заедничко домаќинство со корисникот на станот, а кој починал.

Се предлага новиот став 5 од членот 5 на Предлогот на закон да гласи:
„Кога барател е лице од член 3 став 2, покрај документацијата наведена во ставот 4 на овој член, приложува:
-извод од матичната книга на умрените за корисникот,
-извод од матичната книга на венчаните или извод од матичната книга на родените за барателот,“

Додека пак ставот 5 од членот 5 да стане став 6 и во истиот по зборовите „ставот 4“ да се додадат и зборовите „и 5“.

## Точка 80

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 135 став 1 и став 2 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015 6/2016, 198/2018 и 248/2018), поднесено од пратеникот Снежана Калеска-Ванчева и притоа го утврди следното мислење:

Во наводите на Барањето за давање на автентично толкување на пратеникот Снежана Калеска-Ванчева се поставува прашањето дали износот до 20% претставува зголемување на плата или зголемување на плата во вид на додаток на плата, со оглед дека материјата за платите и зголемување на платите може да се уредува само со закон, но не и со подзаконски акт.

Во Законот за судска служба одредбите од членот 118 до членот 141 во главата XVII ја регулираат материјата за судската полиција. Со одредбите од членот 118 до членот 126 од Законот пропишани се условите за вработување на судската полиција, нивното оценување, надзорот над работата и други прашања поврзани со вршењето на работите поврзани со судската полиција.

Во членот 127 од Законот се уредува дека платата на судската полиција се состои од две компоненти: основна и исклучителна компонента.

Членот 128 поблиску го уредува поимот на основна компонента на платата на судската полиција и врши вреднување во бодови на соодветен степен на образование утврден во актот за систематизација и работното место (додаток на плата за ниво) на кое е распореден и работното искуство.

Членот 128-а уредува вредност на бодот за пресметување на платите на судската полиција, која секоја година со одлука ја утврдува Владата на Република Северна Македонија.

Со членот 129 се регулира исклучителната компонента за плата која ја сочинуваат додатоците на плата за посебни услови за работа кои се предвидени во актите за систематизација на работните места: ноќна работа, работа во смени, односно турнуси, работа изложена на ризик, работа за време на неделен одмор и работа за време на празници утврдени со закон. Од членот 130 до членот 134 се регулирани износите на овие додатоци.

По членот 134 од Законот следи членот 135 кој во ставот 1 уредува дека „поради видот, природата и сложеноста на работите и задачите што се извршуваат од припадниците на судската полиција, износот на средствата наменети за плата за тие работни задачи може да се зголеми до 20%, а со ставот 2 определува дека „министерот за правда со подзаконски акт ги утврдува процентите за зголемување на плата до 20% за секој суд посебно.“

Барањето за давање на автентично толкување се однесува на овие два става, односно дали тие во пракса значат зголемување на плата или утврдување на начин на пресметување на додатоци за плата.

Од горенаведените членови во Законот лесно може да се заклучи дека законодавецот редоследно најпрвин определил што ја сочинува основната компонента за плата, а во следните членови од Законот подетално извршил редоследно регулирање на исклучителната компонента за плата и износите на додатоците.

Со оглед дека од член 130-134 од Законот се опишува начинот како се пресметуваат додатоците, следствено и во следниот член 135 се определува да се зголеми износот на средства за плата за работни задачи за видот, природата и сложеноста на работите и да се утврди процентот на зголемување со подзаконски акт (во член 130-134 е определен процентот за другите додатоци).
Процентите утврдени со подзаконски акт претставуваат процент за пресметување на износ на додаток на плата и во никој случај не може да значат зголемување на плата, која може да биде зголемена само со закон, односно со зголемување на бодот во одлуката на Владата на Република Северна Македонија.

Од овие причини, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување на

членот 135, став 1 и став 2 од Законот за судска служба, во насока дека истите значат и определуваат проценти за зголемување како додаток на плата.

## Точка 81

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на законитоста на Одлуката за ослободување од плаќање на патарина за граѓаните на Република Србија од 15.6.2021 година до 15.8.2021 година, поднесена од политичката партија Алијанса на Албанците од Тетово и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 66 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), од плаќање на патарина за време на служба се ослободуваат:

1) возила со полициска придружба и

2) видливо означени возила на Армијата на Република Македонија, полицијата, Царинската управа, Јавното претпријатие за државни патишта, итната медицинска помош, Црвениот крст на Република Македонија, противпожарните служби, Државниот инспекторат за транспорт, Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија, Дирекцијата за заштита и спасување, Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонија пат"-Скопје и погребалните возила.

(2) Од плаќање на патарина се ослободуваат возилата на потполно глуви лица со потврда за членство од Националниот сојуз за глуви лица, на лица заболени од дистрофија, мултиплекс склероза, церебрална парализа, параплегија, хемиплегија, квадриплемија, детска парализа (полиомиелитис), слепите лица со оштетување на видот над 90%, лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

(3) Во возилата на лицата од ставот (2) на овој член треба да има членски книшки издадени од надлежните здруженија, потпишани и заверени од страна на Јавното претпријатие со која се потврдува нивното ослободување од плаќање патарина.

Видно од мислењето на Јавното претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија е дека по најавата на Владата на Република Северна Македонија за ослободување од плаќање на патарина за возила на српски туристи кои би транзитирале на Коридор 10, направени се анализи и пресметки, па според проценките, а по направени консултации со Министерството за внатрешни работи и Министерството за транспорт и врски е утврдена бројка од очекувани 200.000 патнички моторни возила на српски туристи кои би влегле на територијата на Република Северна Македонија и би го користеле автопатот на Коридор 10 за време на летната сезона, за периодот од 15.6.-15.8.2021 година.

Ваквите пресметки се направени преку анализи на поминати возила во претходните години. Поточно споредбата се направена со 2019 година во која имало рекорден приход од наплата на патарина и во која транзитирале речиси рекордни бројки на возила со туристи. За таа цел како најефикасен метод за брзо и квалитетно решение предложено е изработување на електронски уреди, М-смарт картички кои би се користеле на наплатните станици на кои функционира електронската наплата на патарина. Со електронските картички на возилата им се овозможува брзо поминување на наплатните станици од Коридор 10 без чекање, со што ќе им се олесни самото патување. Предложено е електронските картички да бидат изработени со средства или припејд кредит во висина од 760 денари колку што чини надоместокот за патарина на наплатните станици на коридор 10 во двата правци. Електронската картичка М-смарт кард чини 100 денари, со што вкупната сума за изработка на картичка изнесува 860 денари. Финансиската конструкција за изработка на 200.000 картички изнесува 172.000.000,00 денари. Во случај да дел од предвидените и изработени 200.000 М-смарт картички да не бидат употребени, разликата до изработените 200.000 би се рефундирала односно средствата би се вратиле во Буџетот на Република Северна Македонија.

Владата на Република Северна Македонија на 72-та седница одржана на 25 мај 2021 година донесе повеќе заклучоци меѓу кои и заклучок со кој е задолжено Министерството за финансии да префрли средства во износ од 172.000.000,00 денари за набавка на 200.000 М-смарт кард на сметка на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, додека пак Јавното претпријатие за државни патишта е задолжено да изврши сукцесивна испорака на предвидените количини М-смарт кард и воедно Министерството за внатрешни работи е задолжено изготвените електронски картички да ги разпредели на возила со српски туристи кои влегуваат на територијата на Република Северна Македонија преку Граничниот премин Табановце.

Врз основа на претходно наведеното, произлегува дека во конкретниот случај не станува збор за одлука туку за заклучок донесен од Владата на Република Северна Македонија, што укажува дека Уставниот суд на Република Северна Македонија треба да ја отфрли поднесената Иницијатива од причина што во конкретниот случај не станува збор за пропис во смисла на член 110 алинеја 1 и алинеја 2 од Уставот, ниту пак станува збор за поединечен акт со кој се повредуваат основните слободи и права во смисла на член 110 алинеја 3 од Уставот. Доколку Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучи да не ја отфрли поднесената Иницијатива, во тој случај Уставниот суд на Република Северна Македонија не треба да поведе постапка за оценување на уставноста на конкретниот Заклучок од причина што граѓаните на Република Србија воопшто немаат третман на возила ослободени од патарина во смисла на член 66 од Законот за јавните патишта, бидејќи истите ги поминуваат наплатните станици со М-смард кард и надоместокот утврден согласно Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат влегува во буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта. Дотолку повеќе што со Заклучокот не се одзема право дадено со Устав или со закон, ниту пак некому се наметнува обврска во спротивност со законот.

<u>**Точка 82**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.68/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.185/2011) и притоа го утврди следново мислење:

Во членот 1 се предвидува дека во Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2011”), во членот 14 ставот 1 се менува и гласи: „Во главата XIX Кривични дела против половата слобода и половиот морал” по членот 194 се додава нов наслов и нов член 194-а, кои гласат:”.

Подносителот појаснува дека од содржината на цитираната одредба од членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик објавен во („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/2011), произлегува дека со наведениот Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, се изменил членот 14 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2011).

Исто така, подносителот истакнува дека во Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во („Службен весник на Република Македонија бр. 51/2011), содржински имало вкупно 3 члена, но во ниту еден содржински немало одредба која носела наслов „член 14“,ниту пак се споменувал “членот 14.“.

Во дополнение подносителот потенцира дека оспорената одредба од членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик објавен во („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/2011) можело да доведе до забуна во примената на наведената одредба, што било спротивно на духот на владеењето на правото, како темелна вредност пропишана во Уставот на Република Северна Македонија.

Воедно, подносителот образложува дека одредбата од членот 14 од Кривичниот Законик заклучно со 7.1.2012 година како датум кога е во сила Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија‘“ бр. 37/96. 80/99, 4/02. 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11 и 135/11) се однесува на небрежност при сторување на кривично дело.

Во контекст на наведеното, подносителот нагласува дека постоењето на одредба со која се изменува друга одредба, која е непостоечка е беспредметно и создава правна несигурност во примената на Законот, односно дека владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок во Република Северна Македонија, утврден во членот 8, став 1, алинеја 3 од Уставот, подразбира дека во правниот промет треба да егзистираат само јасни, прецизни и недвосмислени норми.

Согласно членот 108 од Уставот на Република Северна Македонија „Уставниот суд на Република Северна Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста.“.

Уставот на Република Северна Македонија во членот 110 став 1 алинеја 1 предвидува „Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот”.

Членот 112 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија гласи: „Уставниот суд ќе укине или поништи закон ако утврди дека не е во согласност со Уставот“.

Според членот 112 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија „Уставниот суд ќе укине или поништи друг пропис или општ акт, колективен договор, статут или програма на политичка партија или здружение, ако утврди дека тие не се во согласност со Уставот или со закон“.

Во Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2011) членот 14 гласи:
Во главата XX “Кривични дела против бракот, семејството и младината” пред членот 195 се додава нов наслов и нов член 194-а, кои гласат:

“Објавување на судска пресуда“
Член 194-а
„При осуда за кривично дело од оваа глава сторено спрема малолетно лице кое не наполнило 14-годишна возраст судот, по барање на јавниот обвинител, ќе одлучи на сметка на осудениот да се објави правосилната судска пресуда или извод од неа преку средствата за јавно информирање, со заштита на личните податоци на жртвата“.

Во Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.185/2011) предвидува:

Член 1
„Во Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2011), во членот 14 ставот 1 се менува и гласи:
„Во Главата XIX. „Кривични дела против половата слобода и половиот морал” по членот 194 се додава нов наслов и нов член 194-а, кои гласат:“
Воедно, во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 51 од 13 април 2011 година е објавена уште едно дополнување на Кривичниот законик, кој содржи два члена. Членот 1 се однесува на дополнување на членот 353-в со два нови става (5) и (6), а членот 2 се однесува на објавување во Службен весник на Република Македонија.

Подносителот при подготовката на Иницијативата се повикува на оваа измена, во која е точно дека не содржи член 14 со кој се менува Законикот.

Во „Службен весник на Република Македонија“ бр 51 од 13.4.2011 година се објавени две измени на Законикот. Едната измена е поголема и содржи 36 члена, а другата измена само 2 члена.

Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.185/2011) со членот 1 врши измена на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, кој содржи 36 члена, од техничка природа, поради направена технички грешка. Наместо член 195, во Законот стои член 194. Со цел, да се исправи ваквата грешка, која може да доведе до забуна во пракса, направена е кратка измена објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2011.

Со оглед на горе наведеното, се укажува дека член 1 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/2011) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија поднесената Иницијатива да не ја прифати.

## Точка 83

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.67/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.185/2011) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно Иницијативата, во членот 2 предвидува дека во членот 35 зборовите: „одредбите од Законот за малолетничка правда“ се заменуваат со зборовите „посебниот закон“.

Подносителот на Иницијативата истакнува дека од цитираната одредба од членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.185/2011, произлегува дека со наведениот Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, се менува Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.51/11. Воедно, во Иницијативата се истакнува дека Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2011 содржински има вкупно 3 члена, но ниту еден од овие три члена, содржински не содржи одредба која носи наслов „Член 35“, а ниту пак се споменува „Член 35“.

Во дополнение, подносителот на Иницијативата наведува дека оспорената одредба може да доведе до забуна во примената на наведената одредба кое нешто не е во духот на владеењето на правото и ако оспорената одредба се однесува на членот 35 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/ 2009, 51/11 и 135/2011), во тој случај дополнително може да се доведе до забуна во

примената на оспорената одредба, како и дека истата одредба заклучно со 7.1.2012 година како датум кога е во сила Кривичниот законик се однесува на казната затвор. Како што наведува подносителот на Иницијативата, од наведеното произлегува дека вака пропишаната одредба во ниту еден став од членот 35 не се споменува „одредбите од Законот за малолетничка правда“.

Подносителот на Иницијативата истакнува дека постоењето на одредба со која се изменува друга одредба која е непостоечка е беспредметно и создава правна несигурност во примената на законот.

Согласно членот 108 од Уставот на Република Северна Македонија „Уставниот суд на Република Северна Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста.“

Уставот на Република Северна Македонија во членот 110, став 1, алинеја 1 предвидува „Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот“.

Членот 112 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија гласи: „Уставниот суд ќе укине или поништи закон ако утврди дека не е во согласност со Уставот“.

Според членот 112, став 1 од Уставот на Република Северна Македонија „Уставниот суд ќе укине или поништи друг пропис или општ акт, колективен договор, статут или програма на политичка партија или здружение, ако утврди дека тие не се во согласност со Уставот или со закон“.

Во Законот за изменување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.185/2011) предвидува:

„Член 2

Во членот 35 зборовите: „одредбите од Законот за малолетничка правда“ се заменуваат со зборовите „посебниот закон“.
Во Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.51) од 13.4.2011 година, членот 35 гласи:
Одредбата од членот 3 на овој закон ќе започне да се применува со денот на влегувањето во сила на одредбите од Законот за малолетничка правда со кој ќе се уреди постапката за водење на посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела против половата слобода и половиот морал и кривичното дело од членот 418-г, сторени против малолетни лица.

Во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 51 од 13.4.2011 година се објавени две измени на Законикот. Едната измена е поголема и содржи 36 члена, а другата измена само 2 члена.

Законот за изменување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.185/2011) со членот 2 врши измена на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, кој содржи 36 члена. Членот 35 се менува поради техничко усогласување на самата одредба, односно измената „посебен

закон“ е поширок поим, и во иднина би немало потреба за менување на Кривичниот законик доколку се смени називот на конкретниот закон.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 2 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.185/2011) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија поднесената Иницијативата да не ја прифати.

<u>Точка 84</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Армир Садики од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.524 за КО Желино на КП бр.1235/2 и не ја прифати имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

<u>Точка 85</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Стевица Јанева од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1291 за КО Костурино на КП бр.3788 викано место/улица Село и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

<u>Точка 86</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Руждија Абдулаи од Дебар за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 100749, за КО Дебар 2, на КП бр. 8035/1, викано место/улица Град, и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

<u>Точка 87</u>

Владата го одложи разгледувањето на Барањето од нотар Васко Паскали од Охрид, за потврдување/солемнизација на Договор за залог на недвижен имот со Имотен лист бр. 90701, за КО Охрид 4, на КП бр. 5985, Викано место/улица Горица, со кој треба да се обезбеди побарување на заложниот доверител Комерцијална банка АД Скопје, односно недвижниот имот да се заложи во корист на Комерцијална банка АД Скопје, поради потребата Општина Охрид да достави до Владата мислење по истото и материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

<u>Точка 88</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 41863 за КО Прилеп на КП бр.23696 викано место/улица Осоговска и Имотен лист бр. 41722 за КО Прилеп на КП бр.23694 викано место/улица Осоговска и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3423, за КО Глуво Бразда, на КП бр. 3296, Викано место/улица Под Церово и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6182 за КО Радовиш на КП бр. 442, викано место/улица Плачковица и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.29317 за КО Синѓелиќ 2 на КП бр.114/1 за викано место/улица Синѓелиќ, со дополнувањето и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.66486 за КО Волково на КП бр. 788/1 на викано место/улица 95 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маја Колева од Кратово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4667 за КО Кратово на КП бр. 1073 дел 0, со дополнувањето и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1705 за КО Бардовци на КП бр. 675 за викано место/улица Бозелки и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 95

1. Владата го избра Меџит Јусуфи за член на Инспекцискиот совет од областа на земјоделството, шумарството, ветеринарството и безбедноста на храната, со мандат од четири години, кој започнува да тече од 3 октомври 2021 година и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го именува Аммар Даут за директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, досегашен вршител на должноста директор.

3. Владата ја разреши Даниела Недељковиќ од должноста член на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион на нејзино барање.

3.1 Владата го именува м-р Мише Тутковски, директор на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид, член на предлог на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид за член на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.

4. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Центарот за управување со кризи.

5. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на заменик на директорот на Државниот испитен центар.

6. Владата заклучи по објавениот Јавен оглас за именување заменик на директорот на Управата за финансиска полиција објавен во дневните весници „Слободен печат“, „Вечер прес“ и „Коха“ на 30.10.2020 година, да не врши избор.

7. Кадровските прашања од 81-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јуни 2021 година за именувањето на Дејан Јосифовски за член на Управен одбор на ЈЗУ Здравствен дом-Ресен и именувањето на Зоран

Лазаровски за член на Управен одбор на ЈЗУ Здравствен дом-Ресен, нема да се реализираат.

8. Кадровските прашања од 81-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јуни 2021 година за именување на Селим Цамовиќ за член на Надзорниот одбор на ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, нема да се реализира.

## Точка 96

**1.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.40-6340/4 од 23 јули 2021 година.

**2.** Владата го разгледа Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 27 јули 2021 година, со предлог-протоколи и врз основа на расправата на седницата на Владата заклучи:

1) Ги прифати Протоколот за постапување при сместување на ученици во Јавните ученички домови во Република Северна Македонија во учебната 2021/2022 година и Протоколот за постапување на државните студентски домови и други објекти за сместување во Република Северна Македонија во академската 2021/2022 година, доставени од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и Министерството за образование и наука.

2) Во однос на барањата за организирање на Економскиот форум во Скопје како и за организирање на настанот-прослава на независноста на Република Северна Македонија-8-ми Септември, го одобри нивното организирање на отворено со присуство на 50% посетители од капацитетот на просторот и на затворено со присуство на 50% посетители со ограничување на бројот на посетители до максимум 1000 лица во затворениот простор, со почитување на општите превентивни мерки и соодветните наменски протоколи со напомена за одговорноста на организаторот на настаните за контрола на спроведување и почитување на мерките за заштита од ширење на COVID-19 инфекцијата.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**3.** Владата по Барањето за обезбедување на работни простории за четири лица/експерти за спроведување на проектот-Воспоставување на единица за координација на инфраструктурни проекти, а во врска со склучувањето на Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (Владата)

претставена од Н.Е. Рејчел Галовеј од Министерството за надворешни работи, Комонвелт и развој (ФЦДО), го задолжи генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија веднаш да обезбеди соодветно опремен канцелариски простор.

4. Владата ја разреши Даниела Недељковиќ од должноста член на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, на нејзино барање.

1.1) Владата за член на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион го именува м-р Мише Тутковски, директор на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид, член на предлог на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Охрид.

5. Владата го разгледа Известувањето од Бирото за јавни набавки во врска со објавата на огласите во печатените медиуми кои се законска обврска на државните органи, по заклучок од 88-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јули 2021 година, како материјал за информирање.

6. Владата го симна од Дневен ред Барањето за измена на Заклучокот од 67-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 април 2021 година, во врска со Информацијата за реиздавање на публикација по повод чествувањето на државниот празник 24 Мај-Ден на сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј-Библиофилија „Проглас" од Константин Филозоф-Св.Кирил, доставено под број 02-9008/1 од 13 јули 2021 година.

7. Владата ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски до 30 јули 2021 година (петок) до Владата да достават коментари по Предлог-текстот на Договорот за стратешки инвестиционен проект и Предлог-текстот на законот за реализација на Стратешкиот инвестиционен проект.

8. Владата го разгледа и прифати Барањето за поништување на заклучоците број 1 и број 2 од Нацрт-записникот од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година, а во врска со Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите.

9. Владата ја разгледа Информацијата по однос на Мерка 17 од Информацијата за имплементација на петтиот сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на COVID-19, која се однесува на ревидирање на Царинската тарифа, ја усвои и заклучи, Заклучокот бр.40-17/66 од Точка 96

Прашања и предлози, од Шеесет и шестата седница на Владата, одржана на 20 април 2021 да се измени и да гласи:

„За мерката 17 Ревидирање на Царинскиот тарифник, се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за економија и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да ја интензивира работата на работната група што ги подготвува измените на Законот за Царинската тарифа, со кој ќе се намалат царинските стапки на ниво на Европската Унија за најприоритетните стоки доставени како предлог од страна на стопанските комори независно од степенот на нивна обработка (суровина, репроматеријал, полупроизвод, финален производ и сл.) и во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог на закон за изменување на Законот за Царинската тарифа“.

**10.** По повод укажувањата на Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија и препораките на Олимпискиот комитет на Северна Македонија, а во врска со освоениот сребрен медал на Олимпијадата во Токио од страна на македонскиот таеквондист Дејан Георгиевски, Владата ги донесе следните заклучоци:

1) Се препорачува на Агенцијата за млади и спорт на Дејан Георгиевски за постигнатиот успех да му исплати парична награда во износ од 600.000 денари.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и до Владата да достави Одлука за исплата на финансиски средства во износ од 1.200.000,00 денари како награда за Дејан Георгиевски, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и до Владата да достави Одлука за исплата на финансиски средства во износ од 600.000 денари како награда за д-р Борче Костовски, тренерот на Дејан Георгиевски, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**11.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 10 јули 2021 година до 16 јули 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

12. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 17 јули 2021 година до 23 јули 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

13. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 15 јули 2021 година до 21 јули 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 97**

Владата го разгледа Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ИТ ревизија како ревизија на успешност на тема „Ефективноста и ефикасноста на мерките и активностите што ги презело Министерството за информатичко општество и администрација за целосна имплементација на информацискиот систем за управување со човечки ресурси во институциите од јавниот сектор“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација да пристапи кон подготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ИТ ревизија како ревизија на успешност на тема „Ефективноста и ефикасноста на мерките и активностите што ги презело Министерството за информатичко општество и администрација за целосна имплементација на информацискиот систем за управување со човечки ресурси во институциите од јавниот сектор“ и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 98**

Владата го разгледа Акцискиот план по дадени препораки од Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеноста за 2019 година на Јавното претпријатие за комунални дејности „Плаваја“-Радовиш, како материјал за информирање.

**Точка 99**

Владата ги разгледа Известувањето за преземените активности по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај за 2019 година за сметките 637 и 787 и новиот текст на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста во Бирото за развој на образованието за 2019 година, како материјали за информирање.

**Точка 100**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“-ДООЕЛ Скопје, за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 101**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“-ДООЕЛ Скопје, за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на дигитализацијата на Системот за управување со кризи преку имплементацијата на NICS-Next-Generation Incident Command System-NATO SPS Project (Следна генерација на Систем за управување со инциденти) во Република Северна Македонија, за период од 17 декември 2020 година до 17 јуни 2021 година), како материјал за информирање.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во период од 1 април до 30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Информацијата за поставување на Агенда за дигитална трансформација, како материјал за информирање.

**Точка 105**

Владата го разгледа Извештајот за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година (период јануари-јуни), како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 106**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон (кореспондентните табели и Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија) да се усогласат со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (*) да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 107**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

## Точка 108

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 21, став (1), точка (4) од Законот за данок на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр.112/2014, 129/2015, 23/2016, 190/2016 и 248/2018), поднесено од Владата на Република Северна Македонија и притоа го утврди следното мислење:

Одредбата од членот 21 став (1) точка (4) треба да се толкува, така што, приход од авторски хонорар исплатен од резидент не се однесува на приход од користење на сродни права за чие користење, меѓу другите се и радиодифузните организации кои набавуваат странска програма врз основа на договор за лиценца и истата одредба има влијание дополнително и на постапките кои се однесуваат на задршка на данок за овој вид на приход, кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се започнати по членот 29 став (1) точка (4) од Законот за данок на добивка („Службен весник на Република Македонија бр.80/1993....13/2014) и не се завршени, а се однесуваат за радиодифузни организации кои емитуваат телевизиска програма.

Согласно погоре изнесеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување на член 21, став (1), точка (4) од Законот за данок на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр.112/2014, 129/2015, 23/2016, 190/2016 и 248/2018).

## Точка 109

Владата условно ја донесе Уредбата за дополнување на Уредбата за методологија за утврдување на вредноста на станот, како и методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена, доколку истата се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 110

Владата ја разгледа Информацијата за изготвување на проценка/анализа на влијанието на заштитата на личните податоци во однос на обработката на личните податоци на субјектите на лични податоци преку видео и аудио запис при преземање на службени дејствија од страна на царинските службеници согласно Законот за Царинската управа и даночните инспектори и даночните контролори согласно Законот за Управата за јавни приходи и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии при подготовка на проценка/анализа на влијанието на регулативата за заштитата на личните податоци во однос на обработката на личните податоци на субјектите на лични

податоци преку видео и аудио запис при преземање на службени дејствија од страна на царинските службеници согласно Законот за Царинската управа и даночните инспектори и даночните контролори согласно Законот за Управата за јавни приходи да се консултира со Агенцијата за заштита на личните податоци.

2. Се задолжува Министерството за финансии во рок од 45 дена од усвојувањето на оваа информација да подготви и до Владата да достави проценка/анализа на влијанието на регулативата за заштитата на личните податоци во однос на обработката на личните податоци на субјектите на лични податоци преку видео и аудио запис при преземање на службени дејствија од страна на царинските службеници согласно Законот за Царинската управа и даночните инспектори и даночните контролори согласно Законот за Управата за јавни приходи по претходно добиено мислење од Агенцијата за заштита на личните податоци.

## Точка 111

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Работна група за координација на активностите од областа на информатичко-комуникациските технологии заради дигитализација на процесите, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Работна група за координација на активностите од областа на информатичко-комуникациските технологии заради дигитализација на процесите со заклучок членот 2 од Решението да се дополни со член и заменик-член од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 112

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност, во предложениот текст.

## Точка 113

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план за проектот „Бесплатна вакцинација против грип за сезона 2021/2022 година за ризични групи“ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за проектот „Бесплатна вакцинација против грип за сезона 2021/2022 година за ризични групи“.

2. Се задолжува Министерство за здравство на секои шест месеци до Владата на Република Северна Македонија да доставува Информација за прогресот на

активностите од Акцискиот план, се до конечна реализација на проектот „Бесплатна вакцинација против грип за сезона 2021/2022 година за ризични групи.

**Точка 114**

Владата ја разгледа Информацијата за измена и дополна на Одлуката за доделување средства по спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на естрадни уметници, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 115**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за проблемите при спроведување на Законот за употреба на јазиците при изменување и дополнување на Правилникот за униформата и видот на оружје што го носат припадниците на шумската полиција.

**Точка 116**

Владата ја разгледа Информацијата за настаната штета поради престанување на договор закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост склучен помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ДПТУ ЗИК Брегалница ул. Илинденска бб-Виница, ја усвои и го задолжи министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да преземе активности во насока на постигнување на спогодба со ДПТУ ЗИК Брегалница во однос на намалување на сумата од конечното извршно решение и по постигнување на спогодбата потребните средства да се предвидат во буџетот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2022 година.

**Точка 117**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерство за животна средина и просторно планирање до Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Поддршка на структурата на ИПА-ОП во планирање на проекти и управување со финансии во секторот за животна средина“ најдоцна до 6 август 2021 година.

2. Се задолжува Министерство за животна средина и просторно планирање до Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Подготовка и

ревизија на националните документи за планирање на отпад“ најдоцна до 30 септември 2021 година.

3. Се задолжува Министерство за животна средина и просторно планирање до Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Набавка на ИТ и друга специфична опрема за мониторинг на животната средина и информациски систем“ најдоцна до 6 август 2021 година.

4. Се задолжува Министерство за животна средина и просторно планирање до Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Набавка на канцелариска и техничка опрема и ИКТ-софтвер за оперативната структура на МЖСПП за спроведување на SOPECA 2014-2020“, најдоцна до 30 септември 2021 година.

5. Се задолжува Министерство за животна средина и просторно планирање до Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Техничка ревизија за големи проекти за отпадни води“, најдоцна до 25 август 2021 година, а за проектот „Техничка ревизија на постојните постројки за третман на отпадни води во Северна Македонија“ најдоцна до 30 септември 2021 година.

6. Се задолжува Министерство за животна средина и просторно планирање до Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Изградба на централен објект за управување со отпад-Фабрика за сортирање, погон ТМВ, депонија, постројка за компостирање, зелена точка за Источниот и Североисточниот регион во Свети Николе“ и „Изградба на шест локални објекти за управување со отпад-станици за трансфер, постројки за компостирање и зелени точки за источен и североисточен регион“ најдоцна до 30 септември 2021 година.

7. Се задолжува Министерство за животна средина и просторно планирање до Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори да го достави тендерското досие за проектот „Техничка ревизија на големи проекти за отпад“, најдоцна до 30 октомври 2021 година.

8. Се задолжува Министерство за транспорт и врски до Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Изградба на железничка делница од Крива Паланка-Граница со Република Бугарија“ и „Надзор на изградба на железничка делница од Крива Паланка-Граница со Република Бугарија“ најдоцна до 15 ноември 2021 година.

9. Се задолжува Министерство за транспорт и врски до Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Замена на заштитни огради според

стандардите EN на автопатиштата на 100 километри на Коридорот 10“, најдоцна до 6 август 2021 година.

10. Се задолжува Министерство за транспорт и врски до Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Набавка и инсталација на сигнализација на премините на ниво на железницата“ и „Надзор на снабдување и инсталација на сигнализација на премините на ниво на железницата“, најдоцна до 6 август 2021 година.

11. Се задолжува Министерство за транспорт и врски до Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Техничка ревизија за главниот проект Изградба на железничка делница од Крива-Паланка до граница со Република Бугарија“, најдоцна до 30 ноември 2021 година.

12. Се задолжува Министерство за транспорт и врски до Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Техничка помош за изведување на РСИ, изработка на идеен проект и тендерска документација за изработка на проектна документација и имплементација на мерки за безбедност на патот по избрани делови на пат“, најдоцна до 25 август 2021 година.

## Точка 118

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.6.2021 година и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда-Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за образование и наука, а се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, Градот Скопје, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие Водовод и канализација-Скопје, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Јавното сообраќајно претпријатие-Скопје, Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица-Пробиштип, Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со

електроенергетскиот систем, Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-НЕР АД Скопје, во државна сопственост и Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да подготват Акциски план по дадениот Образец со статус заклучно со 30.9.2021 година за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори и истиот да биде доставен до Министерството за финансии најдоцна до 10 октомври 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Секретаријатот за европски прашања до 15 октомври 2021 година врз основа на добиените акциски планови да подготви соодветен материјал што ќе се разгледа на тематската седница на Владата која би се одржала до 20 октомври 2021 година.

**<u>Точка 119</u>**

Владата го разгледа Барањето на Батухан Оздемир за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**<u>Точка 120</u>**

Владата го разгледа Барањето на Ебру Оздемир Кишлали за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**<u>Точка 121</u>**

Владата го разгледа Барањето на Нихат Оздемир, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**<u>Точка 122</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на дополнителни средства за Национална установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“-Скопје за реализација на вториот дел проектот „Превод на дела со историска содржина на македонски јазик-Едиција Про Македонија“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди вкупно 21.601.674 (дваесет и еден милион шестотини и една илјада шестотини седумдесет и четири) денари со буџетот на Министерството за култура за 2022 и 2023 година, во раздел 18010-финансирање на дејностите од областа на културата, од програма 10-

Издавачка дејност, и тоа: 10.800.837,00 денари за 2022 година и 10.800.837,00 денари за 2023 година.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за култура во текот на декември 2021 година да се обрати до Владата, со цел да се разгледа можноста и во текот на 2021 година да се исплатат целосно или дел од потребните средства.

2. Се задолжува Министерството за култура со Националната установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"-Скопје да склучи договор за финансирање на проектот „Превод на дела со историска содржина на македонски јазик-Едиција Про Македонија", во кој ќе се утврди динамика за исплата на средствата во наведените години.

3. Се задолжува Министерството за култура потребните средства за Национална установа Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"-Скопје за реализација на вториот дел проектот „Превод на дела со историска содржина на македонски јазик-Едиција Про Македонија" во износ од 10.800.837,00 денари да ги предвиди во буџетскиот циркулар за 2022 година, односно во износ од 10.800.837,00 денари да ги предвиди во буџетскиот циркулар за 2023 година.

**Точка 123**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од преземање активности во врска со дигитализацијата на картотеките при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 30 јули 2021 година (петок) поради потребата истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 124**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-варовник на рудник Демир Хисар АД Сопотница на локалитетот „Топлица" с.Сопотница, Општина Демир Хисар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-варовник на рудник Демир Хисар АД Сопотница на локалитетот „Топлица" с.Сопотница, Општина Демир Хисар, во предложениот текст.

**Точка 125**

Владата ја разгледа Информацијата за номинација на лице за потребите за реализација на софтверското решение за унифицирање на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија и министерствата и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на првиот заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Секретаријатот за европски прашања и сите министерства што поскоро да номинираат лице за контакт (име, презиме, позиција, електронска адреса, контакт телефон) од институцијата поради потреба од тесна соработка со претставниците на Министерството за информатичко општество и администрација, Владата на Република Северна Македонија и изведувачот за реализација на овој проект.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да формира работна група, врз основа на предложените лица од институциите.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 1:35 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| Мухамед Зеќири | Зоран Заев |